Врз основа на член 47 став 1 точка 6 од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/21) и член 42 став 9 точка 6, а во врска со член 172 став 3 од Законот за платежни услуги и платни системи („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 90/22), Советот на Народната банка на Република Северна Македонија донесе

# О Д Л У К А
# за водечкиот број на давателите на платежните услуги и стандардите за конструкција на платежните сметки

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1. Со оваа одлука се пропишуваат:
   - доделувањето водечки број на давателите на платежните услуги од страна на Народната банка на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Народната банка); и
   - стандардите за конструкција на платежните сметки коишто ги одржуваат давателите на платежните услуги на кои Народната банка им доделила водечки број.
2. Одредбите од оваа одлука соодветно се применуваат и на конструкцијата на сметките за порамнување коишто Народната банка ги отвора во согласност со закон.

## II. ДОДЕЛУВАЊЕ ВОДЕЧКИ БРОЈ НА ДАВАТЕЛОТ НА ПЛАТЕЖНИТЕ УСЛУГИ

3. Водечкиот број на давателот на платежните услуги:
   - е фиксен, единствен идентификациски и неповторлив број на давателот на платежни услуги;
   - се состои од три бројчани знака (n1, n2, n3);
   - е објавен на листата на водечки броеви што ја води и ја објавува Народната банка на својата веб-страница;
   - се користи за конструкција на единствената идентификациска ознака (бројот) на платежната сметка на корисникот на платежните услуги што ја отвора и ја води давателот на платежните услуги.
4. Водечкиот број на давателот на платежните услуги се доделува на барање на давателот на платежните услуги доставено до Народната банка.

## III. СТАНДАРДИ ЗА КОНСТРУКЦИЈА НА БРОЈОТ НА ПЛАТЕЖНАТА СМЕТКА ШТО ЈА ОДРЖУВА ДАВАТЕЛОТ НА ПЛАТЕЖНИТЕ УСЛУГИ

5. Бројот на платежната сметка што ја одржува давателот на платежните услуги и преку која се извршуваат платежните трансакции во денари е означен единствено во нумерички облик, кој се конструира со користење на следниот стандард ББАН (англ. BBAN = Basic Bank Account Number), составен од три дела со формат BBBCCCCCCCCCCKK, при кој:

   - BBB = фиксен број на давателот на платежните услуги (три нумерички места), кој е водечкиот број на давателот на платежните услуги за извршување на платежните трансакции, што му го доделила Народната банка;
   - CCCCCCCCCC = бројот на платежната сметка (десет нумерички места) на имателот на платежната сметка, коишто ги одредува давателот на платежните услуги; и
   - KK = контролен број (две нумерички места) е бројот што се пресметува од низата од тринаесет цифри (водечкиот број на давателот на платежните услуги и бројот на платежната сметка) по меѓународен стандард ИСО 7064, МОДУЛ 97. Контролниот број се добива така што низата од првите тринаесет цифри се множи со 100, добиениот број се дели со 97, а остатокот се одзема од бројот 98. Добиениот резултат изразен со две цифри го претставува контролниот број.

   Нумеричката ознака на платежната сметка од став 1 се користи во електронски облик исклучиво како низа од петнаесет цифри.

   На пишани и печатени документи дозволено е запишување на нумеричката ознака на платежната сметка во трите дела утврдени во став 1 од оваа точка, одвоено со црта.

6. Бројот на платежната сметка којашто ја одржува давателот на платежните услуги и преку која се извршуваат платежните трансакции во валута различна од денари давателот на платежните услуги го конструира со користење на меѓународниот стандард ИСО 13616 и е стандард ИБАН (анг. IBAN = International Bank Account Number) со формат MKkk BBB CCCCCCCCCC KK, и тоа:

   - MK = првите два знака (ознака со две големи латинични букви и се користи MK како фиксен код за Република Северна Македонија во согласност со меѓународниот стандард ИСО 3166 – 1);
   - kk = 07 (две нумерички места за кои се користи алгоритамски пресметан број по меѓународниот стандард ИСО 7064, МОДУЛ 97) и
   - BBAN = во согласност со точка 5 од оваа одлука.

7. Бројот на платежната сметка конструиран во согласност со барањата од точките 5 и 6 од оваа одлука се состои од арапски цифри од 0 до 9 и големи латинични букви од A до Z и се користи како единствена идентификациска ознака во смисла на Законот за платежни услуги и платни системи.

8. Давателот на платежните услуги е должен да конструира број на платежната сметка во согласност со барањата од точките 5 и 6 од оваа одлука доколку таа се користи за извршување на платежните трансакции преку кредитен трансфер

или директно задолжување од или кон платежната сметка кај друг давател на платежните услуги во земјата или во странство.

9. Давателот на платежните услуги е должен за секоја отворена платежна сметка во согласност со точка 7 од оваа одлука:
   - да го конструира бројот на платежната сметка во согласност со барањата од точките 5 и 6 од оваа одлука на денот на отворањето на платежната сметка;
   - да го размени во писмена форма бројот на платежната сметка од алинеја 1 од оваа точка со имателот на платежната сметка; и
   - да го размени во писмена форма бројот на платежната сметка кој го конструирал во согласност со точките 5 и 6 од оваа одлука со имателот на платежната сметка доколку настанат околностите опфатени со одредбите од точка 10, 11, 12 и 13 од оваа одлука.

10. Во случај на спојување на давателите на платежните услуги, бројот на платежната сметка кој е конструиран во согласност со оваа одлука може да се користи за извршување на платежните трансакции најдолго во период од една година од спроведеното спојување. Давателот на платежните услуги што настанал со спојување е должен на корисниците на платежните услуги на давателите на платежни услуги кои се споиле да им конструира нов број на платежната сметка во согласност со оваа одлука најдоцна во рок од една година од спроведеното спојување.

11. Во случај на присоединување на еден давател на платежните услуги кон друг давател на платежните услуги, бројот на платежната сметка којшто во согласност со оваа одлука го определил давателот на платежните услуги што се присоединува кон друг давател може да се користи за извршување на платежните трансакции во период од една година од спроведеното присоединување. Давателот на платежните услуги кон кој се присоединил друг давател може, за целите на извршување на платежните трансакции, во тој период да го користи водечкиот број на давателот на платежните услуги што се присоединил кон него. Давателот на платежните услуги кон кој се присоединил друг давател е должен на дотогашните корисници на платежните услуги на давателот на платежните услуги што се присоединил да им одреди нов број на платежна сметка во согласност со оваа одлука најдоцна во рок од една година од спроведеното присоединување.

12. Давателот на платежните услуги кој прима платен налог во корист на бројот на платежната сметка на давателот на платежните услуги што се споил со друг давател на платежните услуги или на давател на платежните услуги што се присоединил кон друг давател на платежните услуги, треба да овозможи, во согласност со соодветните прописи, извршување на платежната трансакција во корист на давателот на платежните услуги што настанал со спојување или давателот на платежните услуги кон кој се присоединил другиот давател на платежните услуги, во временски период на една година од спроведеното спојување, односно припојување на давателот на платежните услуги, и тоа во случај доколку извршувањето на таквите платежни трансакции е овозможено од страна на платниот систем во кој учествува.

13. Доколку давателот на платежните услуги што настанал со спојување или давателот на платежните услуги кон кој се присоединил друг давател на платежните услуги веќе одредил нов број на платежната сметка на дотогашните корисници на платежните услуги на давателот на платежните услуги кој се споил или кој се присоединил во согласност со точките 5 и 6 од оваа одлука, примената платежнатрансакција од точка 12 од оваа одлука ќе се евидентира во корист на новиот број платежна сметка на тој корисник на платежните услуги.

## IV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

14. Водечките броеви на давателите на платежните услуги коишто ги доделила Народната банка пред влегување во сила на оваа одлука остануваат важечки.

15. Броевите на отворените платежни сметки коишто ги конструирале и ги размениле давателите на платежните услуги со корисниците на платежните услуги пред влегувањето во сила на оваа одлука остануваат важечки.

16. Давателите на платежните услуги се должни да се усогласат со одредбите наведени во глава III од оваа одлука најдоцна до 30 јуни 2024 година и притоа да го разменат новиот број на платежната сметка со имателот доколку претходниот број е конструиран на начин различен од одредбите наведени во глава III од оваа одлука.

17. На денот на започнувањето со примена на оваа одлука престанува да важи Одлуката за пропишување на стандард за конструкција на сметките на учесниците во платниот промет и доделување на водечки број на носителите на платниот промет („Службен весник на Република Македонија" бр. 146/07).

18. Оваа одлука влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 2023 година.

**О бр.02-15/XXII-11/2022**
**28 декември 2022 година**
**Скопје**

**Гувернер и**
**претседавач**
**на Советот на Народна банка на**
**Република Северна Македонија**
**д-р Анита Ангеловска-Бежоска**